**20170721319**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 396 став 1 алинеја 5 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/15, 226/15 и 55/16), министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за образование и наука донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ НА КАНДИДАТ ЗА ВОЗАЧ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува Програмата за проверка на знаење на кандидат за возач.

Член 2

Програмата од членот 1 од овој правилник е дадена во Прилог и е составен дел од овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.20-6958/1 | Бр. 1311-31254/1 |
| 26 мај 2017 година | 9 мај 2017 година |
| Скопје | Скопје |
| Министер за образование и наука, | Министер за внатрешни работи, |
| **Пиштар Лутфиу,** с.р. | д-р **Агим Нухиу,** с.р. |

Прилог

**ПРОГРАМА ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ**
**НА КАНДИДАТ ЗА ВОЗАЧ**

**I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ**

**ПРОПИСИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА И БЕЗБЕДНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО СООБРАЌАЈОТ**

За проверка на знаење на кандидати за возачи на моторни возила од „А2“, „А1”, „А” и „Б” категорија

**А) ОПШТИ ПРАШАЊА**

1. Прописи за безбедноста на сообраќајот на патиштата и
2. Значењето на одделни изрази што се употребуваат во прописите од областа на патниот сообраќај.

**Б) СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ И ЗНАЦИ ШТО ГИ ДАВААТ УНИФОРМИРАНИ ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИЦИ**

1. Поим, улога и значење на сообраќајните знаци за безбедно и уредно одвивање на сообраќајот на патиштата;
2. Поделба на сообраќајните знаци (вид, форма, боја, значење и поставување);
3. Знаци за опасност (форма, боја и значење);
4. Знаци за изречни наредби (група, форма, боја и значење);
5. Знаци за известување (форма, боја и значење);
6. Дополнителни табли;
7. Светлосни сообраќајни знаци и светлосни ознаки;
8. Ознаки на коловозот (видови и значење);
9. Обележување на премин на пат преку железничка пруга;
10. Знаци што ги даваат униформирани полициски службеници при вршење контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата (видот, начинот на давање и нивното значење) и
11. Знаци што ги даваат возилата со право на првенство на минување и возила под придружба.

**В) ПРАВИЛА НА СООБРАЌАЈОТ**

1. Општи одредби за поведението на учесниците во сообраќајот на патиштата;
2. Дејствија со возилото во сообраќајот:
- утврдување на услови за изведување дејствија со возило во сообраќајот;
- вклучување со возило во сообраќај и
- промена на начин и правец на движење со возило.
3. Движење со возило по пат:
- страна на движење;
- движење на возило на пат со повеќе сообраќајни ленти;
- свртување надесно или налево;
- полукружно свртување и
- движење наназад.
4. Брзина на движење:
- проценка на сообраќајните услови на патот и прилагодување на брзината на движење со возилото и
- ограничување на брзина на движење со возило.
5. Свртување;
6. Првенство на минување:
- при свртување на лево;
- во однос на возила што се движат по шини;
- на пат кој со сообраќаен знак е означен како пат со првенство на минување;
- при пресекување на велосипедска патека или велосипедска лента и
- на крстосница.
7. Сообраќај на крстосница:
- поим и поделба на крстосниците;
- прилагодување на брзина на движење со возило;
- навремено престројување заради свртување налево или надесно и
- постапување според светлосни сообраќајни знаци и знаци што ги даваат униформирани полициски службеници во сообраќајот.
8. Разминување;
9. Наизменично пропуштање на возила;
10. Престигнување и обиколување:
- општи правила за престигнување и обиколување и

- начин на изведување на престигнување и обиколување со возила, пречки и други објекти на патот.

11. Употреба на звучни и светлосни знаци за предупредување;

12. Запирање и паркирање:

- начин и услови за запирање и паркирање;
- забрана за запирање и паркирање и
- паркирање на паркиралиште.

13. Влечење на возило;

14. Употреба на светла во сообраќајот:

- употреба на светла ноќе;
- употреба на светла дење и во услови на намалена видливост и
- адаптирање на видот при нееднаква или нагла промена на осветленост на патот.

15. Растојание помеѓу возилата;

16. Сообраќај на трамваи и други возила на шини;

17. Сообраќај на велосипеди, трицикли и четирицикли, велосипед со помошен мотор и мопеди, работни машини, мотокултиватори и запрежни возила;

18. Движење на добиток по патот;

19. Движење на пешаци по патот:

- правила за движење на пешаците;
- односот на возачите спрема пешаците и
- пресекување на колона пешаци.

20. Сообраќај на премин на пат преку железничка пруга;

21. Сообраќај на автопат и пат резервиран за сообраќај на моторни возила:

- вклучување, начин на движење и исклучување и
- критериуми за движење на определени категории возила, ограничување на брзина на движење со возило, начин на запирање и полукружно свртување.

22. Сообраќај во тунел;

23. Сообраќај на возила под придружба, возила со право на првенство на минување и односот на возачите спрема нив;

24. Товар на возилото:

- сместување и означување на товар.

25. Превоз на товар со возило;

26. Превоз на лица со возило;

27. Превоз на лица во приклучно возило и со возило што го влече трактор и мотокултиватор;

28. Спортски и други приредби на пат и

29. Управување со возило ноќе и под неповолни временски услови (висока и ниска температура, намалена видливост, во услови на дожд, снег, голомразица,ветар, магла, свлечишта, одрони на камења и сл.).

**Г) ОПАСНОСТИ И ПОСЛЕДИЦИ КОИ НАСТАНУВААТ ПОРАДИ НЕПРОПИСНО ИЛИ НЕПРАВИЛНО ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДЕЈСТВИЈА ВО СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА**

1. Неприлагодена брзина на движење со возилото спрема особините и состојбата на патот, видливоста, атмосферските прилики, состојбата на возилото и товарот, густината на сообраќајот и другите сообраќајни услови;

2. Погрешна проценка на брзината на движењето и оддалеченоста на возилата што се движат од спротивна или во иста насока пред или зад возилото;

3. Движење со возило со недозволена брзина во населено место и надвор од населено место и нагло зголемување и намалување на брзината на движење со возилото;

4. Непочитување на прописите за страна на движење со возилото;
5. Непочитување на правилата за првенство на минување на крстосница или погрешна проценка на сообраќајната ситуација за примена на правилата за првенство на минување на крстосница;
6. Престигнување и обиколување на пат каде што нема доволен простор за безбедно и уредно престигнување и обиколување (колона на возила, работи на патот и сл.);
7. Престигнување на возило кое се доближува на пешачки премин или застанало пред пешачки премин заради пропуштање на пешаци;
8. Запирање и паркирање со возило на коловоз во кривина и во близина на преслап каде прегледноста е недоволна или запирање на коловоз ноќе и без соодветно обележување и обезбедување;
9. Непочитување на сообраќајни знаци;
10. Непрописно влечење на возило и
11. Непрописна употреба на светла.

**Д) НЕГАТИВНО ВЛИЈАНИЕ НА НЕКОИ ФАКТОРИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА**

1. Здравстевена состојба за управување со моторно возило (акутни и хронични заболувања што имаат влијание врз способноста на возачот);
2. Нарушени психофизички особини од значење за способноста на возачот за управување со возило (вид, слух, рефлекси, рамнотежа, сетилна перцепција, мислење, вештина, емоција, реакција и сл.);
3. Алкохолот и безбедоста на сообраќајот (степени на пијанство и нивно негативно влијание врз психофизичките особини, функциите и однесувањето на возачот);
4. Заморот и безбедноста на сообраќајот (видови и знаци на замор, одмор, должина на траење и начин на користење на одмор) и
5. Негативно влијание на лековите и дрогата врз безбедноста на сообраќајот (штетни влијанија на определени лекови и дрогата врз психофизичките особини на возачот).

**Ѓ) ВОЗАЧИ НА ВОЗИЛА НА МОТОРЕН ПОГОН**

1. Услови за управување со моторно возило (правни, здравствени и психофизички);
2. Оспособување на кандидати за возачи на моторни возила;
3. Стекнување право за управување со моторно возило;
4. Возачка дозвола;
5. Категорија на моторни возила за кои се издава возачка дозвола:
- важност и продолжување на важност на возачка дозвола;
- издавање на нова возачка дозвола наместо загубена или дотраена;
- одземање на возачка дозвола;
- меѓународна возачка дозвола и
- превод и замена на странска возачка дозвола.
6. Пробно возење и возила со пробни таблици и
7. Одговорност на возачите:
- кривична
- прекршочна и
- материјална.

**Е) УРЕДИ И ОПРЕМА НА МОТОРНО ВОЗИЛО ШТО СЕ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА СОБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА**

1. Значење на техничката исправност на возилото од аспект на безбедноста на сообраќајот на патиштата;

2. Обврски и услови за регистрација на возилата на моторен погон;
3. Технички преглед на моторни и приклучни возила;
4. Исклучување на возило од сообраќај;
5. Отстранување на пат на дефектно и оштетено возило;
6. Опрема на мотоцикл (заштитен шлем, ракавици, одело, рефлектирачки елек);
7. Уреди за управување со возилото (улога, видови, функционирање, пропишани услови за исправност);
8. Уреди за сопирање (улога, видови, функционирање, пропишани услови за исправност);
9. Уреди за осветлување на патот и давање на светлосни знаци (улога, други пропишани услови);
10. Уреди за нормална видливост (улога, видови и други пропишани услови);
11. Уреди за спојување на влечно и приклучно возило (улога, и други пропишани услови);
12. Пневматици за возило (видови и пропишани услови);
13. Сигурносни појаси (улога, значење и начин на користење) и
14. Опрема за патнички возила.

**Ж) ХУМАНИ ОДНОСИ И ЕТИКА НА СООБРАЌАЈОТ, СОЛИДАРНОСТ СПРЕМА ДРУГИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО СООБРАЌАЈОТ**

1. Општествени норми (правни, традиционални, морални и обичајни) кои ја чинат етиката на сообраќајот и
2. Етичко и морално поведение, однесување и солидарност во сообраќајот на патиштата кон:
- други учесници;
- сообраќајни средства;
- патот и објекти на патот;
- сообраќајните знаци и службените лица кои вршат контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата и
- посебен однос кон немоќни лица, деца, стари и изнемоштени лица, лица со посебни потреби, слепи лица и др.

**З) ДОЛЖНОСТИ ВО СЛУЧАЈ НА СООБРАЌАЈНА НЕЗГОДА И ПОСЕБНИ МЕРКИ НА БЕЗБЕДНОСТ**

1. За учесникот во сообраќајна незгода;
2. За возачи и лица кои се затекнати или наишле на место на сообраќајната незгода;
3. Надлежност за вршење на контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата и
4. Посебни овластувања на службените лица при контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата.

Кандидатите за возачи на моторни возила од „А2“, „А1“ и „А“ категорија кои не поседуваат возачка дозвола од „Б“ категорија не се испитуваат по наставните содржини опфатени во оваа програма и тоа:
- поглавје В, точка 3 алинеја 5 и точка 12,13, 24 и 25;
- поглавје Г, точка 8 и 10 и
- поглавје Е, точка 10, 11,13 и 14.

Кандидатите за возачи на моторни возила од „А2“, „А1“ и „А“ категорија кои поседуваат возачка дозвола од „Б“ категорија, се испитуваат по следните наставни содржини:
- опрема за возачот и лицето кое се превезува на мотоцикл;

- начин на управување со мотоцикл (став и положба на телото, движење во сообраќајна лента);
- превоз на лица со мотоцикл и
- опасности кои настануваат за време на управување и запирање со мотоцикл –губење на стабилност поради вдлабнатини, издадености и други елементи на патот, влажен и лизгав коловоз, калдрма, песок и друг растресит материјал, кривини и сл.).

**За проверка на знаење на кандидати за возачи на моторни возила од „БЕ“, „Ц1", „Ц1Е“, „Ц“, „ЦЕ“, „Д1“„Д1Е“, „Д“, „ДЕ“ категорија**

1. Димензии, дозволени габарити, осовински притисоци и вкупна маса на товарните моторни возила, автобуси и приклучни возила;
2. Специфики при превозот на товар со моторни и приклучни возила:
- сместување и прицврстување на товарот;
- означување на товарот што го преминува габаритот на возилото;
- ограничување на брзина на движење со возило и
- потребна документација за превоз на товарот.
3. Превоз на лица со товарни моторни возила:
- превоз на лица во просторот определен за сместување на товар;
- групен превоз на лица со одобрение и без одобрение;
- оптоварување на возилото и право на управување со возило и
- брзина на движење со возило.
4. Екипаж, време на управување со возило, прекини на управување со возило и период за одмор на возачот:
- дневно и неделно време на управување со возило;
- прекин на управување со возило, дневен и неделен одмор на возачот;
- начин на работа на посадата-екипажот на возилото и
- евиденции за спроведеното работно време, одмор и прекини на возењето (тахограф и мемориска картичка).
5. Превоз на опасни материи со моторни и приклучни возила:
- класификација на опасните материи;
- услови за вршење на превоз на опасни материи;
- опрема на возилата и потребна опрема за возачите;
- означување на возилата;
- должности и одговорност на лицата вклучени при превозот и
- брзина на движење со возило.
6. Пробно возење;
7. Вонреден превоз;
8. Уреди и опрема пропишани за товарни моторни возила, автобуси и приклучни возила;
9. Улога и функционирање на ретардерот, тахографот, уред за спојување на влечно и приклучно возило;
10. Проверка на техничката исправност на возилото и отстранување на евентуалната неисправност:
- пред секоја употреба и
- подготвување на возилото за редовен и превентивен технички преглед.
11. Превоз на лица со автобус и
- услови за вршење на превоз во патниот сообраќај;
- превоз на патници во внатрешен и меѓународен патен сообраќај (линиски, слободен и превоз на патници за сопствени потреби) и
- фактори кои влијаат на безбедноста при превоз на патници.

12. Превоз на ученици и групи деца:

- услови кои треба да ги исполнат возилата(ABS, сигурносни појаси, ПП апарати, помошни врати, отвори на покривот и др.) и
- означување на возилата при превозот на деца со посебен знак за превоз на деца.

Кандидатите за возачи на моторни возила од „Ц1“ и „Ц“ категорија се испитуваат по содржините од точка 1 до точка 10;

Кандидатите за возачи на моторни возила од „Д1“ и „Д“ категорија се испитуваат по содржините од точка 1 до точка 12;

Кандидатите за возачи на моторни возила од „БЕ“, „Ц1Е“, „ЦЕ“, „Д1Е“, „ДЕ“ категорија се испитуваат по дел од содржините од точките 8, 9 и 10 што се однесуваат на група возила.

**За проверка на знаењето на кандидати за возачи на „АМ“ категорија и „Ф“ и „Г“ национална категорија**

**А) ПРАВИЛА НА СООБРАЌАЈОТ**

1. Општи одредби за поведението на учесниците во сообраќајот на патиштата;
2. Дејствија со возилото во сообраќајот:
- утврдување на услови за изведување дејствија со возило во сообраќајот;
- вклучување со возило во сообраќај и
- промена на начин и правец на движење со возило.
3. Движење со возило по пат:
- страна на движење;
- движење на возило на пат со повеќе сообраќајни ленти;
- свртување надесно или налево;
- полукружно свртување и
- движење наназад.
4. Брзина на движење:
- проценка на сообраќајните услови на патот и прилагодување на брзината на движење со возилото и
- ограничување на брзина на движење со возило.
5. Свртување;
6. Првенство на минување:
- при свртување на лево;
- во однос на возила што се движат по шини;
- на пат кој со сообраќаен знак е означен како пат со првенство на минување;
- при пресекување на велосипедска патека или велосипедска лента и
- на крстосница.
7. Сообраќај на крстосница:
- поим и поделба на крстосниците;
- прилагодување на брзина на движење со возило;
- навремено престројување заради свртување налево или надесно и
- постапување според светлосни сообраќајни знаци и знаци што ги даваат униформирани полициски службеници во сообраќајот.
8. Разминување;
9. Наизменично пропуштање на возила;
10. Престигнување и обиколување:
- општи правила за престигнување и обиколување и
- начин на изведување на престигнување и обиколување со возила, пречки и други објекти на патот.
11. Употреба на звучни и светлосни знаци за предупредување;

12. Запирање и паркирање:
- начин и услови за запирање и паркирање и
- забрана за запирање и паркирање.
13. Влечење на возило;
14. Употреба на светла во сообраќајот:
- употреба на светла ноќе;
- употреба на светла дење и во услови на намалена видливост и
- адаптирање на видот при нееднаква или нагла промена на осветленост на патот.
15. Растојание помеѓу возилата;
16. Сообраќај на велосипеди, трицикли и четирицикли, велосипед со помошен мотор и мопеди, работни машини, мотокултиватори и запрежни возила;
17. Движење на пешаци по патот:
- правила за движење на пешаците;
- односот на возачите спрема пешаците и
- пресекување на колона пешаци
18. Сообраќај на премин на пат преку железничка пруга;
19. Сообраќај на возила под придружба, возила со право на првенство на минување и односот на возачите спрема нив;
20. Превоз на товар во приклучно возило што го влече трактор и мотокултиватор:
- сместување и означување на товар.
21. Превоз на лица со возило;
22. Превоз на лица во приклучно возило и со возило што го влече трактор и мотокултиватор и
23. Управување со возило ноќе и под неповолни временски услови (висока и ниска температура, намалена видливост, во услови на дожд, снег, голомразица, ветар, магла, свлечишта, одрони на камења и сл.).

**Б) СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ И ЗНАЦИ ШТО ГИ ДАВААТ ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИЦИ**

1. Поим, улога и значење на сообраќајните знаци за безбедно и уредно одвивање на сообраќајот на патиштата;
2. Поделба на сообраќајните знаци (вид, форма, боја, значење и поставување);
3. Знаци за опасност (форма, боја и значење);
4. Знаци за изречни наредби (група, форма, боја и значење);
5. Знаци за известување (форма, боја и значење);
6. Дополнителни табли;
7. Светлосни сообраќајни знаци и светлосни ознаки;
8. Ознаки на коловозот (видови и значење);
9. Обележување на премин на пат преку железничка пруга;
10. Знаци што ги даваат униформирани полициски службеници при вршење контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата (видот, начинот на давање и нивното значење) и
11. Знаци што ги даваат возилата со право на првенство на минување и возила под придружба.

**В) ОПАСНОСТИ И ПОСЛЕДИЦИ КОИ НАСТАНУВААТ ПОРАДИ НЕПРОПИСНО ИЛИ НЕПРАВИЛНО ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДЕЈСТВИЈА ВО СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА**

1. Неприлагодена брзина на движење со возилото спрема особините и состојбата на патот, видливоста, атмосферските прилики, состојбата на возилото и товарот, густината на сообраќајот и другите сообраќајни услови;

2. Погрешна проценка на брзината на движењето и оддалеченоста на возилата што се движат од спротивна или во иста насока пред или зад возилото;

3. Движење со возило со недозволена брзина во населено место и надвор од населено место и нагло зголемување и намалување на брзината на движење со возилото;

4. Непочитување на прописите за страна на движење со возилото;

5. Непочитување на правилата за првенство на минување на крстосница или погрешна проценка на сообраќајната ситуација за примена на правилата за првенство на минување на крстосница;

6. Престигнување и обиколување на пат каде што нема доволен простор за безбедно и уредно престигнување и обиколување (колона на возила, работи на патот и сл.);

7. Престигнување на возило кое се доближува на пешачки премин или застанало пред пешачки премин заради пропуштање на пешаци;

8. Запирање и паркирање со возило на коловоз во кривина и во близина на преслап каде прегледноста е недоволна или запирање на коловоз ноќе и без соодветно обележување и обезбедување;

9. Непочитување на сообраќајни знаци и

10. Непрописна употреба на светла.

Проверка на знаењето на кандидатите за возачи на моторни возила од национална „Ф“ категорија не се врши по наставните содржини опфатени во оваа програма и тоа:

- поглавје А, точки 16 и 21.

Проверка на знаењето на кандидатите за возачи на „АМ“ категорија не се врши по наставните содржини опфатени во оваа програма и тоа:

- поглавје А, точка 3 алинеја 5, точки 12, 13, 20 и 22 и
- поглавје В, точка 8.

## II. ПРАКТИЧЕН ДЕЛ

### (А) ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО НА ПРВИОТ ДЕЛ ОД ПРАКТИЧНИОТ ДЕЛ (СООБРАЌАЕН АВТОДРОМ – ПОЛИГОН)

**За проверка на знаењето на кандидати за возачи од „А2“„А1“ и „А“ категорија**

1. Познавање на возилото со посебен акцент на неговите основни карактеристики, контролно-сигналните уреди на инструмент таблата и подесување на возачките огледала;

2. Заземање на седечка положба на седиштето на возилото, познавање на техниката и начинот на држење на телото за одржување на стабилност и правец при движење со возилото;

3. Менување на степени на пренос во место без работа на моторот;

4. Тргнување од место, движење напред по обележана права линија во должина од 30 метри и ширина од 25 сантиметри со промена од прв во втор степен на пренос, излегување од линијата и враќање во истата со слободно вртење во втор степен на пренос со застанување во обележан простор од еден метар со предното тркало пред стоп линијата. Кандидатот стапнува со ногата на патот, го поставува степенот на пренос во неутрална положба, слегува од моторот и го истуркува напред од просторот на вежбата и




5. Слалом движење помеѓу осум конуси во обележана лента со ширина од два метри и должина од 30 метри.




**За проверка на знаењето на кандидати за возачи од „Б“ категорија**

1. Познавање на возилото со кое се врши оспособување со посебен акцент на неговите основни карактеристики;

2. Надворешен преглед и контрола на возилото пред тргнување (пневматици, стакла, уреди и сл.);

3. Влегување во возилото, начин на отварање и затварање на вратата на возилото, подесување на положбата на седиштето кон телото на возачот, начин на подесување на возачките огледала, начин на врзување со сигурносен појас и запознавање со контролно-сигналните уреди на инструмент таблата;

4. Менување на степени на пренос во место без работа на моторот;

5. Тргнување од место (позиција 1), движење напред во сообраќајна лента со ширина од 2,5 метри и должина од 36 метри, промена од прв во втор степен на пренос и застанување пред обележаната линија за запирање - стоп линија (позиција 2). Движење наназад по истата сообраќајна лента и застанување пред обележаната линија за запирање (позиција 3) за мануелен менувач;

6. Тргнување од место (позиција 1), движење напред во сообраќајна лента со ширина од 2,5 метри и должина од 36 метри и застанување пред обележаната линија за запирање - стоп линија (позиција 2). Движење наназад по истата сообраќајна лента и застанување пред обележаната линија за запирање (позиција 3) за автоматски менувач;




7. Полукружно свртување во определен простор со ширина од шест метри со три маневри за возила со должина до четири метри.

Полукружно свртување во определен простор со ширина од седум метри со три маневри за возила со должина поголема од четири метри;




8. Право паркирање покрај работ на коловозот со движење наназад во простор со димензии:

- шест метри должина и два метри ширина за возила со должина до четири метри и
- седум метри должина и два метри ширина за возила со должина поголема од четири метри и



9. Запирање и тргнување од пред обележана стоп линија на нагорнина со надолжен наклон од 15% со помошна - рачна сопирачка.



**За проверка на знаењето на кандидати за возачи од „Ц1“, „Ц“, „Д1“, „Д“ категорија и „Ф“ национална категорија**

1. Познавање на возилото со кое се врши испитување со посебен акцент на неговите основни карактеристики;

2. Надворешен преглед и контрола на возилото пред тргнување (пневматици, стакла, уреди и сл.);

3. Влегување во возило, подесување на положба на седиштето кон телото на возачот, начин на подесување на огледалата, врзување со сигурносен појас, запознавање со контролно-сигнални уреди на инструмент таблата;

4. Менување на степени на пренос во место без работа на моторот;

5. Тргнување од место (позиција 1), движење напред во сообраќајна лента со ширина од 3,5 метри и должина од 36 метри, промена од втор во трет степен на пренос и застанување пред обележаната линија за запирање - стоп линија (позиција 2). Движење наназад по истата сообраќајна лента и застанување пред обележаната линија за запирање (позиција 3). За излегување од вежбата се користи истата сообраќајна лента со движење напред;




6. Полукружно свртување со користење на страничен (бочен) пат со ширина од пет метри со најмногу четири маневри;




7. Косо паркирање под агол од 45 (степени) со движење наназад во определен простор со ширина од 3,75 метри за „Ц1“, „Ц“ категорија и „Ф“ национална категорија;

8. Косо паркирање со движење напред во определен простор со ширина од четири метри за „Д1“ и „Д“ категорија, излегување наназад со вклучување во сообраќајна лента и движење напред и



9. Запирање и тргнување од пред обележана стоп линија на нагорнина со надолжен наклон од 15% со помошна - рачна сопирачка.




**(Б) ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО НА ЈАВЕН ПАТ НАДВОР ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО И НА ЈАВЕН ПАТ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО**

**За проверка на знаењето на кандидати за возачи од „А2“, „А1“ и „А“ категорија**

1. Возење по пат со послаб интензитет на сообраќај, вклучување во сообраќај, страна на движење, движење во сообраќајна лента, промена од помал во поголем степен на пренос и обратно со одржување на правец на движење со возилото, промена на правецот на движењето (менување на сообраќајна лента, свртување надесно и налево);
2. Возење по пат со поредок сообраќај, промена на брзина од најмал до најголем степен на пренос и одржување на правецот на движење, правилно држење на телото на возачот во кривина на надолнина и нагорнина;
3. Возење по улица со интензивен сообраќај, разминување, обиколување, престигнување и давање на знаци за предупредување на другите учесници во сообраќајот со користење на возачки огледала (ретровизори);
4. Постапка на возачот по запирање на возило пред крстосница;
5. Движење со возило на крстосница со вкрстосување на патишта од иста важност;
6. Движење со возило на крстосница на пат кој со сообраќаен знак е означен како пат со првенство на минување и на пат каде соообраќајот е регулиран со знаци за изречни наредби (задолжително запирање-стоп и крстосување со пат со првенство на минување);
7. Вклучување со возило на пат кој со сообраќаен знак е означен како пат со првенство на минување;
8. Движење со возило во крстосница со кружен тек на сообраќај;
9. Движење на крстосница на која сообраќајот е посебно регулиран со уреди за давање светлосни сообраќајни знаци (семафор);
10. Начин на постапување при наидување со возило на крстосница на која сообраќајот е регулиран со светлосни сообраќајни знаци кога ќе се појави жолт непрекинат светлосен сигнал;
11. Движење на крстосница на која сообраќајот е регулиран со знаци кои ги даваат полициски службеници;
12. Дејствија со возило при наидување на возила со право на првенство на минување и на возила под придружба;

13. Возење по пат со погуст интензитет на сообраќај, држење правилно растојание од возилото кое се движи напред, минување покрај запрено возило за јавен превоз на патници на автобуско стојалиште, минување покрај пешаци и односот спрема нив;

14. Приближување кон пешачки премин и пропуштање на пешаци кои стапнале или кои стапнуваат на пешачки премин;

15. Движење со возило и употреба на звучни и светлосни сигнали кога покрај коловозот се наоѓаат деца, лица со посебни потреби, постари и изнемоштени лица кои не обрнуваат внимание на возилото и

16. Возење ноќе надвор од населено место и во населено место со употреба на светла според утврдениот режим и услови на сообраќајот со посебно вежбање на разминување и употреба на светлосни сигнали за предупредување (блендирање), поминување покрај пешаци и прилагодување на брзината на движење според условите на патот и интензитетот на сообраќајот.

**За проверка на знаењето на кандидати за возачи од „Б“ категорија**

1. Возење по пат со послаб интензитет на сообраќај, вклучување во сообраќај, страна на движење, промена од помал во поголем степен на пренос и обратно со одржување на правец на движење со возилото, промена на правецот на движењето (менување на сообраќајна лента, свртување надесно и налево);

2. Возење по пат надвор од населено место со одржување на безбедно растојание промена од најмал до најголем степен на пренос со одржување на правец на движење, прилагодување на брзината на движење со возилото во кривина, низ надолнина, по нагорнина, запирање и тргнување на надолнина и нагорнина со употреба на помошна (рачна) и работна сопирачка;

3. Возење по пат надвор од населено место со изведување на дејствија во сообраќајот:
- разминување;
- обиколување;
- престигнување;
- минување покрај запрежни возила и
- минување покрај добиток кој се движи по и надвор од коловоз.

4. Возење низ надолнина, намалување на брзината на движење со преминување од повисок во понизок степен на пренос-моторно сопирање и запирање со возило;

5. Паркирање на нагорнина и надолнина со возило;

6. Возење наназад со возило;

7. Полукружно свртување на возило без или со маневрирање, на површина на која се одвива јавен сообраќај, правилно движење на управувачот за време на изведување на дејствието;

8. Возење по пат со послаб интензитет на сообраќај и прилагодување на брзината на движење според условите и состојбата на патот;

9. Возење по улица со послаб интензитет на сообраќај, страна на движење, промена на правец на движење со возило, свртување надесно и налево, промена на сообраќајна лента со користење на возачки огледала (ретровизори)

10. Возење по пат преку премин на железничка пруга;

11. Движење со возило и употреба на звучни и светлосни сигнали кога покрај коловозот се наоѓаат деца, лица со посебни потреби, постари и изнемоштени лица кои не обрнуваат внимание на возилото;

12. Престројување пред крстосница со свртување надесно и налево со користење на светлосно-сигнални уреди и вклучување со возило во соодветна сообраќајна лента од страничен (бочен) пат;

13. Приближување кон пешачки премин и пропуштање на пешаци кои стапнале или кои стапнуваат на пешачки премин;

14. Свртување со возило на страничен (бочен) пат на чиј влез не постои обележан пешачки премин и пропуштање на пешаци кои веќе стапнале на коловоз;

15. Движење со возило на воден коловоз со посебно внимание кон пешаците кои се наоѓаат покрај коловозот;

16. Движење покрај возило на јавен превоз на патници запрено на стојалиште кога лицата влегуваат и излегуваат од возилото или поминуваат преку коловозот;

17. Приспособување на брзината на движење на возилото кон својствата и состојбите на патот, видливоста, прегледноста, атмосферските услови, густината на сообраќајот и другите сообраќајни услови;

18. Прилагодување на брзината на движење на возилото според режимот на сообраќај и поставената патна сообраќајна сигнализација;

19. Престројување со возило пред крстосница, свртување надесно и налево (правилен лак при свртување), вклучување во соодветна сообраќајна лента од страничен пат со и без хоризонтална и вертикална патна сигнализација;

20. Постапка на возачот по запирање на возило пред крстосница;

21. Движење со возило на крстосница со вкрстосување на патишта од иста важност;

22. Движење со возило на крстосница на пат кој со сообраќаен знак е означен како пат со првенство на минување и на пат каде сооообраќајот е регулиран со знаци за изречни наредби (задолжително запирање-стоп и крстосување со пат со првенство на минување);

23. Вклучување со возило на пат кој со сообраќаен знак е означен како пат со првенство на минување;

24. Движење со возило во крстосница со кружен тек на сообраќај;

25. Движење на крстосница на која сообраќајот е посебно регулиран со уреди за давање светлосни сообраќајни знаци (семафор);

26. Начин на постапување при наидување со возило на крстосница на која сообраќајот е регулиран со светлосни сообраќајни знаци кога ќе се појави жолт непрекинат светлосен сигнал;

27. Движење на крстосница на која сообраќајот е регулиран со знаци кои ги даваат униформирани полициски службеници;

28. Дејствија со возило при наидување на возила со право на првенство на минување и на возила под придружба;

29. Движење со возило на пат каде се врши наизменично пропуштање на возила поради изведување работи на патот;

30. Возење по улица со интензивен сообраќај и прилагодување на брзината и начинот на движење со возилото според конкретните сообраќајни услови;

31. Возење по улица со интензивен сообраќај, разминување, обиколување, престигнување и давање на знаци за предупредување на другите учесници во сообраќајот со користење на возачки огледала (ретровизори);

32. Запирање и паркирање со возило;

33. Вклучување со возило во сообраќај на јавен пат (излегување од паркиралиште, двор и друга површина);

34. Возење ноќе надвор од населено место и во населено место со употреба на светло според утврдениот режим и услови на сообраќајот со посебно вежбање на разминување и употреба на светлосни сигнали за предупредување (аблендирање), поминување покрај пешаци и прилагодување на брзината на движење според условите на патот и интензитетот на сообраќајот и

35. Возење на пат со интензивен сообраќај во населено место и надвор од населено место, прилагодување на брзината на движење според утврдениот режим на сообраќај според хоризонталната, вертикалната и светлосната сигнализација, според особините и состојбите на патот (воден коловоз или мраз), временски неприлики (магла, дожд, снег), густина на сообраќај и други сообраќајни неприлики.

**За проверка на знаењето на кандидати за возачи од „Ц1“ и „Ц“ категорија**

1. Возење по пат со послаб интензитет на сообраќај, вклучување во сообраќај, страна на движење, промена од помал во поголем степен на пренос и обратно со одржување на правец на движење со возило, промена на правец на движење (менување на сообраќајна лента, свртување надесно и налево);
2. Возење по пат надвор од населено место, разминување, обиколување, престигнување и давање знаци за предупредување;
3. Возење по пат надвор од населено место со одржување на пропишано растојание, прилагодување на брзината на движење со возилото во кривина, низ надолнина, по нагорнина, запирање и тргнување на надолнина и нагорнина со употреба на помошна (рачна) и работна сопирачка;
4. Возење низ надолнина, намалување на брзината на движењето со преминување во понизок степен на пренос-моторно сопирање, запирање со возилото;
5. Паркирање на нагорнина и надолнина;
6. Возење наназад на нагорнина;
7. Возење во населено место на пат со послаб интензитет на сообраќај, страна на движење, промена на правец на движење со возило и користење на возачки огледала (свртување надесно и налево, промена на сообраќајна лента и др.);
8. Приспособување на брзина на движење со возилото кон својствата и состојбите на патот, видливоста, прегледноста, атмосферските услови, густината на сообраќајот и други сообраќајни услови;
9. Полукружно свртување со возило без или со маневрирање, на површина на која се одвива јавен сообраќај;
10. Возење во населено место на пат со интензивен сообраќај, разминување, обиколување, престигнување и престројување пред крстосница со свртување надесно и налево со користење на возачки огледала (ретровизори);
11. Движење со возило по пат на кој постои обележан пешачки премин и употреба на звучни и светлосни сигнали кога покрај коловозот се наоѓаат деца, лица со посебни потреби, постари и изнемоштени лица кои не обрнуваат внимание на возилото;
12. Влегување и излегување со возило од паркиралиште или друга површина на која не се одвива сообраќај на возила;
13. Движење со возило на крстосница (регулирана и нерегулирана) и
14. Возење ноќе во и надвор од населено место на осветлен и неосветлен пат со употреба на светла, приспособување на брзината на движење кон утврдениот режим и услови на сообраќајот со посебно вежбање на разминување и употреба на светлосни сигнали за предупредување (аблендирање) при минување покрај пешаци.

**За проверка на знаењето на кандидати за возачи од „Д1“ и „Д“ категорија**

Проверката на знаењето на кандидатите за возачи од „Д1“ и „Д“ категорија се спроведува по содржините на поглавјето за оспособување на кандидати за возачи за „Ц1“ и „Ц“ категорија и по следните дополнителни содржини за проверка на знаењето на кандидати за возачи:

1. Влегување и излегување од автобуско стојалиште и
2. Влегување и излегување од автобуски терминал.

**За проверка на знаењето на кандидати за возачи од „БЕ“„ЦЕ“, „Ц1Е“„ДЕ“, „Д1Е“ категорија**

Проверката на знаењето на кандидатите за возачи од горенаведените категории се спроведува по содржините за оспособување на кандидати за возачи од „Б“, „Ц1“, „Ц“, „Д1“ и „Д“ категорија, -поглавје Б кои се карактеристични за управување со група возила, како и по дополнителните содржините за начин и постапка на приклучување и исклучување на:

1. Уред за спојување на влечно и приклучно возило;
2. Уред за означување и давање светлосни знаци и
3. Уред за пренос на воздух во системот за сопирање на приклучното возило.